Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 30.06.2022

На 29.06.2022 околу 20.00 часот на улица „Драге Тодоровски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 56-годишниот гостиварец М.С.. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил пренесен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово.

На 29.06.2022 во 17.45 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Р.(36) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага и воздушна пушка „морка" кал.4,5 (177). По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.06.2022 во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода В.М.(30) од Велес, затоа што упатувал закана на неговите мајка и баба и притоа кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.06.2022 во 14.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Секторот за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, Одделот за криминалистичка полиција при Бирото за јавна безбедност го лишиле од слобода Д.Б.(44) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени шишиња метадон и ампули дијазепам. По целосно документирање на случајот, од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.06.2022 во ОВР Струга било пријавено дека на брегот на Охридското Езеро, кај струшко село Калишта, биле пронајдени две стари гранати. Увид и обезбедување на местото извршиле полициски екипи, а гранатите ќе бидат подигнати во текот на денот од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување.

На 29.06.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 220 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 92 санкции, 21 мерка за возење без возачка дозвола, девет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон, шест санкции за техники неисправни и нерегистрирани возила, седум мерки за некористење сигурносен појас, седум санкции за непрописно престигнување и обиколување...

На 29.06.2022 на територијата на СВР Велес спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санционирани се 44 возачи. Од нив пет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. На сите прекршители изготовени им се соодветни поднесоци.

На 29.06.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 37 прекршоци, од кои 6 надвор од населено место и 31 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 1 прекршок сторен од пешак и 2 за непрописно паркирање.

На 29.06.2022 околу 15.40 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул„11 Октомври" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд", управувано од А.И.(64) од с.Црнилиште, општина Долнени и мотоцикл „бенели", управуван од М.Г.(65) од Прилеп, двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот М.Г., констатирани во Градската болница Прилеп. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 29.06.2022 околу 21.20 часот во Полициската станица Карпош, Д.И.(79) од Скопје пријавил дека на ул.„Вич" бил каснат од куче скитник.

На 29.06.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба, С.А.(50) од Скопје пријавила дека на ул.„Коце Металец" била касната од куче скитник.

На 29.06.2022 во 22.40 часот на магистралниот пат Охрид-Ресен, во с.Избишта, ресенско, полициски службеници од Полициската станица Ресен ги лишиле од слобода И.И.(32) и С.А.(32), двајцата од Неготино. При преглед во возилото „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал И.И., а С.А. бил сопатник, биле пронајдени 1.665.000 денари, за кои не поседувале соодветна документација. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.06.2022 во 14.50 часот во Полициското одделение Петровец било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен С.К.(23) од с.Марино, општина Илинден. Според пријавеното, тој се повредил додека извршувал работни задачи во фирма во индустриска зона во Скопје. Полициски службеници излегле на местото, а за случајот бил запознаен и Трудов инспектор.

На 29.06.2022 во 11.08 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Т.(22) од Скопје пријавил дека во близина на неговата куќа, на подрачјето на општина Аеродром, настанал пожар на нива со жито сопственост на И.Л.(24) од Скопје. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 29.06.2022 во 20.30 часот Ј.Х.Ц.Х.А.Т.(43) од Катар пријавил дека додека неговиот малолетен син тренирал фудбал на игралиште во Скопје, бил турнат од страна на тренерот М.К.. Од страна на полициски службеници против М.К. е поднесен соодветен поднесок од ЗППРМ. Во врска со случајот, од страна на Ѓ.Х.(46), претседател на клубот, е пријавено дека по завршување на фудбалскиот тренинг, на излез од игралиштето, бил физички нападнат од страна на Ј.Х.Ц.Х.А.Т.. Од страна на Единицата за насилен криминал при СВР Скопје извршен е увид, известен е Јавен обвинител и се работи на целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.Т.(53) од село Равен, гостиварско и М.Л.(43) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 13.12.2021 во Гостивар, полициски службеници кај прворпријавениот пронашле и одзеле хероин, кој претходно го набавил од второпријавениот.

На 29.06.2022 во 12.30 часот во Полициската станица Гази Баба, А.К.(42) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека на 26.06.2022 во 23.00 часот во с.Ергеле бил физички нападнат од С.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2022 во 19.00 часот во Полициската станица Аеродром, Р.Ж.(65) од Скопје пријавила дека на 28.06.2022 околу 20.30 часот на фудбалското игралиште на ул. „Бојмија" на нејзиниот малолетен внук паднала метална врата. Малолетникот бил пренесен на Детска хирургија при Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.06.2022 во 16.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.А.(60) од Скопје пријавил дека околу 15.50 часот во дворно место на подрачје на Ѓорче Петров, поради нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од две лица кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Ѓ.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.

На 30.06.2022 во 09.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Р.(43) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот на работно место како обезбедување во казино на подрачје на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2022 во 02.30 часот во Полициската станица Центар, А.З.(44) од Скопје пријавил дека на 29.06.2022 околу 23.40 часот во казино на подрачје на Центар, по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.06.2022 во 12.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.Ј.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Црногорска" бил каснат од куче скитник.

На 30.06.2022 во 07.45 часот во Полициската станица Гази Баба, В.К.(22) од Скопје пријавил дека во 06.50 часот пред магацин од фирма на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од неговиот колега М.Т.. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.06.2022 во 22.40 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека на подрачјето на Центар настанал пожар во напуштена куќа сопственост на А.А.. Пожарот бил изгаснат од екипа Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 29.06 2022 во 03.20 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека од СОС Детско Село се оддалечил нивниот штитеник И.П.(16), кој и претходно се оддалечувал од установата и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.06.2022 во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека околу 01.30 часот на паркинг на подрачјето на Бит Пазар настанал пожар во патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.И.(60) од Скопје. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 30.06.2022 околу 02.00 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола лишиле од слобода малолетник од Битола, поради сомнение дека извршил обљуба врз малолетничка од Битола – негова роднина. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.06.2022 околу 11.00 часот во Полициската станица Чаир, М.А.(41) од Скопје пријавила дека на ул.„Боца Иванова" била касната од куче скитник.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет